**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр. 08-232**
**22.04.2021 година**
**Скопје**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 20 став 1 алинеја 10[1], член 18 став 1 алинеи 1 и 22, член 70 и член 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), согласно член 4 став 1 алинеја 6, член 88 и член 93 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а во врска со Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.304/20) и Одлуката наш УП1 бр. 08-158 од 22.04.2021 година за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, поднесена од физичкото лице Горан Кукиќ, УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-1683/3 од 21.04.2021 година, на својата 11-та седница одржана на 21.04.2021 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно – музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 91.0 MHz., објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.304/20), не е успешен поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 22.03.2021 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ) не беше примена ниту една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

2. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Советот на АААВМУ во врска со Писменото барање од заинтересирана страна, поднесено од страна на физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица (наш арх.бр.08-3387/1 од 04.09.2020 година) со дополнување (наш арх.бр.08-3387/6 од 07.10.2020 година) за отворање на говорно – музичко радио на подрачјето на општина Струмица и Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, наш арх.бр.08-4414/1 од

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

02.12.2020 година, на својата 45-та седница одржана на 17.12.2020 година донесе Одлука (УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година) за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно – музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 91.0 MHz. Одлуката (УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година) за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, беше објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.304/20.

Согласно точка 12 од цитираната Одлука за објавување на јавен конкурс, пријавата за учество на јавниот конкурс се поднесува во рок од 90 (деведесет дена), кој рок тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Одлуката во Службен весник на Република Северна Македонија. Краен рок за доставување на пријави, по предметниот конкурс, беше заклучно до 22.03.2021 година.

Во утврдениот рок за поднесување пријави по предметниот јавен конкурс, односно заклучно до 22.03.2021 година во АААВМУ беше доставена една Пријава од страна на физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица наш УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година. Согласно Записникот од јавното отворање на пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Струмица УП1 бр.08-158 од 30.03.2021 година, присутните на јавното отварање на пријавата – лица вработени во Стручната служба на АААВМУ, констатираа дека предметната пријава е навремена, односно е поднесена во рок, по што во периодот од 30.03.2021 година до 12.04.2021 година, надлежните сектори во Стручната служба на АААВМУ, пристапија кон прегледување на поднесената Пријава УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година, со нејзината придружна документација. Притоа било констатирано дека истата не ги исполнувала условите утврдени во јавниот конкурс односно дека: доставените документи од програмски аспект (Образец за програмски концепт, Неделна програмска шема и Опис на планираните програмски содржини/емисии, наведени во програмската шема), поради нивната неконзистентност и меѓусебна неусогласеност не го потврдуваат исполнувањето на програмските услови за кои се доделува дозволата; поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт не може да се изврши бодување на два од критериумите за оценување на пријавите - застапеност на сопствена програма и на информации од локален карактер, а поради тоа што во Описот на планираните програмски содржини/емисии воопшто не се обезбедени информации за програмите со кои ќе се поттикнува развој и зачувување на националната култура, не може да се изврши бодување и за критериумот застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура; податоците за времетраењето на програмите прикажани во структурата на планираната неделна програма од Образецот за програмски концепт се разликуваат од податоците за времетраењето на видовите програми прикажани во Неделната програмска шема. Различни податоци се евидентирани кај програмите од сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна); и поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт, тој не може да се користи како основа за идни оценки на спроведувањето на програмскиот концепт во согласност со член 67 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со оглед на тоа, Директорот на АААВМУ до Советот на АААВМУ достави Предлог бр.08-158 од 20.04.2021 година, за донесување Одлука за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, поднесена од физичкото лице Горан Кукиќ УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година. Оттука, Советот на Агенцијата на 11-та седница одржана на 21.04.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-1683/2 од 21.04.2021 година, донесе Одлука УП1 бр.08-158 од 22.04.2021 година, со која се одбива Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, поднесена од физичкото лице Горан Кукиќ УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година, поради тоа што истата не ги исполнува услови утврдени во јавниот конкурс.

Членот 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пропишува дека јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио

емитување е успешен доколку е примена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Следствено на понапред наведено, а со оглед на фактот дека во утврдениот рок за поднесување пријави во АААВМУ не беше примена ниту една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот, во врска со Јавниот конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Струмица, Советот на АААВМУ донесе одлука дека не е успешен предметниот јавен конкурс. Следствено на наведеното, Советот на Агенцијата согласно Заклучокот арх.бр.02-1683/3 од 21.04.2021 година, на 11-та седница, одржана на 21.04.2021 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- заинтересирана страна, физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица;
- Директорот на Агенцијата;
- сите сектори/служби во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1), и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.